**УЖ-3.бр.621/2019**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје, поднесена преку полномошник Адвокат Александар Новаковски од Скопје, против пресудата и решението на Управниот суд У-5.бр.1606/2018 од 24.01.2019 година, основ јавни набавки и адвокатски трошоци, на седницата одржана на ден 14.09.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

I

Жалбата на тужителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1606/2018 од 24.01.2019 година година, СЕ ПОТВРДУВА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.1606/2018 од 24.01.2019 година година, СЕ ПОТВРДУВА.

III

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката по жалба во износ од 21.738,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1606/2018 од 24.01.2019 година, во став I тужбата на тужителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје, изјавена

против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-477/7 од 15.08.2018 година, ја одбил како неоснована. Во став II со решение го одбил барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката.

Незадоволен од пресудата и решението на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, пресудата и решението да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување пред Управниот суд.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата, испитувајќи ги пресудата и побиваното решение во смисла на член 354 во врска со член 371 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата против пресудата на Управниот суд У-5.бр.1606/2018 од 24.01.2019 година година, е неоснована.

Од списите по предметот се утврди дека тужениот орган - Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучувајќи по поднесената жалба на жалителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје донел Решение бр.09-583/6 од 06.12.2017 година, со кое со став 1 жалбата ја уважил, со став 2 и 3 тендерската докуметација и постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.05-412 за набавка на услуги - превоз на вработени при ООУ Кирил и Методи Прилеп, ја поништил, со став 4 се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот - ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје во износ од 250,00 денари на име административна такса и надомест за водење на постапка во висина од 6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Со став 5 Барањето за исплата на адвокатски трошоци во износ од 7.800,00 денари за состав на жалба го одбил како неосновано. Со став 6 Договорниот орган е должен да постапи по решението на Државната комисија, во спротивно ќе се смета дека не е спроведена постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки. Со став 7 Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

Тужителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје незадоволен од решението поднел тужба до Управниот суд.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1606/2018 од 24.01.2019 година, тужбата на тужителот ГУМЕТАЛ ДООЕЛ од Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-583/6 од 06.12.2017 година, ја одбил како неоснована. Во образложението е

наведено дека постапката пред органот е спроведена правилно и законито, а тужителот не доставил докази дека со жалбата до органот доставил посебно барање за надоместок на адвокатски трошоци настанати во постапката, кое треба да е во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението, како што е предвидено според член 228 став 3 од Законот за јавни набавки.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 228 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 27/16), во постапката пред Државната комисија секоја странка претходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија. (2) Државната комисија решава за трошоците на постапката на правна заштита, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ, на кого и во кој рок мора да се платат. (3) Барањето за надоместок на трошоците на постапката треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението. (7) Во случај на целосно усвојување на жалбата договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци на постапката.

Согласно член 68 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 27/16), е регулиран начинот на распределбата на трошоците во управната постапка.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, Вишиот управен суд смета дека Управниот суд правилно заклучил кога утврдил дека во конкретниот случај со став 5 од оспореното решение тужениот орган не го повредил законот на штета на тужителот, односно не сторил повреда на одредбите од член 228 од Законот за јавни набавки.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужениот орган но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при одлучувањето дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на пресудата, а со кое образложение во целост се согласува и овој суд.

Вишиот управен суд најде дека решението за трошоци на Управниот суд е правилно и законито.

Имено, согласно член 7-б од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10), во управниот спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги

предизвикале со своето дејствие, па оттука правилно првостепениот суд го одбил барањето како неосновано.

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката по жалба во износ од 21.738,00 денари, овој суд го одби како неосновано, исто така согласно погорецитираната законска одредба.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата и решенијата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357, 370 и 371 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 14.09.2020 година под УЖ-3.бр.621/2019.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевскас.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејмановас.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

/ЛС

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник